**20221592212**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 17 став (9) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКАТА НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 217/21), во член 17, во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „или преку наведување само високо образование доколку тоа соодветствува на описот на работното место".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-2209/4
1 јули 2022 година
Скопје

Министер,
м-р **Admirim Aliti,** с.р.